ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-2390/1
Датум: 12.03.2024
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г4 – СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, ОДНОСНО Г4.1 – ОТВОРЕНИ, ПОЛУЗАТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СКЛАДИШТА ЗА ИНДУСТРИСКА СТОКА НА КП 652/1 КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Карпош. Во границата на опфат влегува дел од КП 652/1, КО Бардовци, Општина Карпош и во тие граници зафаќа површина од 0,243 ха.

Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела, и формирање на регуларен пристап до локацијата, и во рамки на опфатот зафаќа површина од 0,243 ха.

Просторот во рамки на проектниот опфат не е урбанистички дефиниран со Планска документација. За конкретниот плански опфат се изработени Услови за планирање со тех.бр Y18322, кои произлегуваат од Просторниот план на РМ и кои претставуваат смерница за Планирање на конкретниот опфат. Проектниот опфат е во непосредна близина на УПВНМ-Визбегово кој се протега на североисточната страна на Проектниот опфат. Предметната локација има пристап од локален постоен асфалтиран пат евидентиран во графичките прилози.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план со намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади, односно Г4.1 – отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 652/1 КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веb страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 15.03.2024 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски